**20181632979**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА АКАДЕМИЈАТА ЗА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за Академијата за судии и јавни обвинители,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 29 август 2018 година.

Бр. 08-5009/1
29 август 2018 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
м-р **Талат Џафери,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА АКАДЕМИЈАТА ЗА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ

Член 1

Во Законот за Академијата за судии и јавни обвинители („Службен весник на Република Македонија“ број 20/15, 192/15 и 231/15), во членот 9-а став (5) бројот „21,“ се брише.

Член 2

Во член 9-б ставовите (1) и (2) се менуваат и гласат:

„(1) Управниот одбор на Академијата формира Комисија за ревизија на одржаните испити кои се полагаат по електронски пат согласно со овој закон, составена од пет члена и тоа: по еден претставник од Судскиот совет на Република Македонија, Советот на јавните обвинители на Република Македонија, Врховниот суд на Република Македонија, Јавното обвинителство на Република Македонија и Министерството за правда. Членовите на Комисијата не смеат да бидат членови на Управниот одбор, Програмскиот совет, Комисијата за приемен испит, Комисијата за завршен испит, ментор, предавач или директор на Академијата.

(2) Комисијата од ставот (1) на овој член, се состанува по секој одржан испит и врши ревизија на спроведувањето на испитите предвидени со овој закон, вклучувајќи и дали испитите ги полагале кандидати кои не ги исполнуваат условите за полагање на испитите согласно со овој закон, за што доставува извештај до Управниот одбор на Академијата. Комисијата за ревизија на одржаните испити во својата работа ги користи материјалите од одржаните испити, хартиените верзии од тестовите и практичните примери за полагање на испитот и специмените за проверка на точноста на одговорите на тестот и практичниот пример, како и снимките од одржаните испити кои се чуваат во Академијата.“.

Ставот (4) се менува и гласи:
„(4) Глоба во износ од 1.000 до 1.500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на член на Комисијата од ставот (1) на овој член, ако утврди неправилности во спроведувањето на испитите, а тоа не го констатира во извештајот до Управниот одбор на Академијата.“.

Член 3

Насловот пред членот 9-в и членот 9-в се менуваат и гласат:

**„Увид во тестовите и практичните примери**

Член 9-в

На барање на лицата кои ги полагале испитите предвидени со овој закон, Академијата им овозможува непосреден увид во тестовите и практичните примери и другите материјали кои биле дел од испитите.“.

Член 4

Членот 11 се менува и гласи:
„(1) Управниот одбор е орган на управување на Академијата и го сочинуваат девет члена.
(2) Четири члена и нивни заменици во Управниот одбор се назначуваат од редот на судиите: еден член и негов заменик се судии назначени на општата седница на Врховниот суд на Република Македонија, двајца членови и нивни заменици се судии назначени од Судскиот совет на Република Македонија и еден член и негов заменик се судии назначени од Управниот одбор на Здружението на судиите на Република Македонија.
(3) Четири члена и нивни заменици во Управниот одбор се назначуваат од редот на јавните обвинители, и тоа: еден член и негов заменик се јавни обвинители назначени од Јавниот обвинител на Република Македонија, двајца членови и нивни заменици се јавни обвинители назначени од Советот на јавни обвинители на Република Македонија и еден член и негов заменик се јавни обвинители назначени од Извршниот одбор на Здружението на јавните обвинители во Република Македонија.
(4) За член или заменик член во Управниот одбор од редот на судиите и јавните обвинители можат да бидат назначени судии и јавни обвинители со најмалку осум години работен стаж како судија, односно јавен обвинител, со позитивни резултати во работата.
(5) Министерот за правда назначува еден член и негов заменик во Управниот одбор од раководните административни службеници во Министерството за правда со најмалку осум години работен стаж и со позитивни резултати во работата.
(6) За член или за заменик член во Управниот одбор може да биде назначено лице кое ги исполнува и следниве услови:
- во моментот на назначувањето со правосилна пресуда да не е осудено за кривично дело на безусловна казна затвор од најмалку шест месеци,
- во моментот на назначувањето со правосилна пресуда да не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност за кривично дело или прекршок поврзани со злоупотреба на судиската или јавнообвинителската функција.
(7) Во работата на Управниот одбор учествува директорот на Академијата (во натамошниот текст: директорот), без право на глас.“.

Член 5

Членот 12 се брише.

Член 6

Во членот 15 став (2) алинејата 2 се менува и гласи:

„- ако со правосилна пресуда му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност за кривично дело или прекршок поврзани со злоупотреба на судиската или јавнообвинителската функција,”.

Во алинејата 3 точката се заменува со сврзникот „и“ и се додава нова алинеја 4, која гласи:

„- ако постапи спротивно на одредбите од прописите од областа на спречувањето на корупцијата и судирот на интереси.“.

Член 7

Во член 20 ставовите (5) и (6) се менуваат и гласат:

„(5) За директор, односно заменик на директор се именува лице со најмалку осум години работен стаж како судија во судовите во Република Македонија, во Уставниот суд на Република Македонија, во меѓународен суд или лице со најмалку осум години работен стаж како јавен обвинител.

(6) Лицето кандидат за директор, односно заменик на директор покрај високите професионални и стручни особини и резултати во работењето, треба да ги исполнува и следниве услови:

- активно да познава еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски), што се докажува со поседување меѓународно признат сертификат издаден од официјален европски тестатор, член на здружението ALTE на европски тестатори на Б2 (B2) нивото на ЦЕФР (CEFR), односно ИЕЛТС со 5-6 поени, ФЦЕ, БЕК В, ИЛЕК, ИКФЕ, БУЛАТС, или АПТИС, или ТОЕФЕЛ ПБТ најмалку 500 бода, ТОЕФЕЛ ЦБТ најмалку 175 бода или ТОЕФЕЛ ИБТ најмалку 60 бода, или ДЕЛФ, ТЦФ, ТЕФ, или Гете сертификат, ТестДаФ,

- во моментот на именувањето со правосилна пресуда да не е осудено за кривично дело на безусловна казна затвор од најмалку шест месеци и

- во моментот на именувањето со правосилна пресуда да не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност за кривично дело или прекршок поврзани со злоупотреба на судиската или јавнообвинителската функција.“.

Ставовите (7), (8), (9) и (10) се бришат.

Ставот (11) станува став (7).

Член 8

Насловите пред членовите и членовите 21, 22, 23, 24, 25, 26, 27, 28, 29, 30 и 31 се бришат.

Член 9

Во членот 35 став (2) алинејата 2 се менува и гласи:

„- ако со правосилна пресуда му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност за кривично дело или прекршок поврзани со злоупотреба на судиската или јавнообвинителската функција,“.

Во алинејата 3 точката се заменува со сврзникот „и“ и се додава нова алинеја 4, која гласи:

„- ако постапи спротивно на одредбите од прописите од областа на спречувањето на корупцијата и судирот на интереси.“.

Член 10

Во членот 37 став (1) во алинеите 1 и 2 зборот „шест“ се заменува со зборот „осум“.

Во алинејата 3 зборот „четири“ се заменува со зборот „осум“.

Ставот (6) се менува и гласи:

„За да биде назначено за член, односно заменик член на Програмскиот совет, лицето треба да ги исполнува и следниве услови:

- во моментот на назначувањето со правосилна пресуда да не е осуден за кривично дело на безусловна казна затвор од најмалку шест месеци,

- во моментот на назначувањето со правосилна пресуда да не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност за кривично дело или прекршок поврзани со злоупотреба на судиската или јавнообвинителската функција.“.

Ставот (7) се брише.

Член 11

Во членот 40 став (2) алинејата 2 се менува и гласи:

„- ако со правосилна пресуда му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност за кривично дело или прекршок поврзани со злоупотреба на судиската или јавнообвинителската функција,“.

Во алинејата 3 точката се заменува со сврзникот „и“ и се додава нова алинеја 4, која гласи:

„- ако постапи спротивно на одредбите од прописите од областа на спречувањето на корупцијата и судирот на интереси.“.

Член 12

Во членот 45 став (1) зборот „шест“ се заменува со зборот „осум“.

Ставот (5) се менува и гласи:

„За предавач може да биде определено лице од ставовите (1) и (2) на овој член кое ги исполнува следниве услови:

- со правосилна пресуда да не е осудено за кривично дело на безусловна казна затвор од најмалку шест месеци,

- со правосилна пресуда да не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност за кривично дело или прекршок поврзани со злоупотреба на судиската или јавнообвинителската функција.“.

Член 13

Во членот 48 став (1) зборот „шест“ се заменува со зборот „осум“.

По ставот (4) се додава нов став (5), кој гласи:

„(5) За ментор може да биде избрано лице кое со правосилна пресуда не е осудено за кривично дело на безусловна казна затвор од најмалку шест месеци и со правосилна пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност за кривично дело или прекршок поврзани со злоупотреба на судиската или јавнообвинителската функција.“.

Во ставот (5) кој станува став (6) зборовите: „ставот (1)“ се заменуваат со зборовите: „ставовите (1) и (5)“.

Член 14

Во членот 57 став (1) алинејата 1 се менува и гласи:

„- да е дипломиран правник со завршено четиригодишно високо образование VII/I степен на правни студии или дипломиран правник со стекнати 300 кредити според Европскиот кредит - трансфер систем (ЕКТС),“.

Алинејата 7 се менува и гласи:

„- активно да познава еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски или германски), што се утврдува во рамки на приемниот испит во Академијата.“.

**Преодни и завршни одредби**

Член 15

Врховниот суд на Република Македонија, Судскиот совет на Република Македонија, Здружението на судиите на Република Македонија, Јавниот обвинител на Република Македонија, Советот на јавните обвинители на Република Македонија, Здружението на јавните обвинители во Република Македонија и министерот за правда најдоцна во рок од еден месец од денот на влегувањето во сила на овој закон ќе назначат членови на Управниот одбор и нивни заменици, согласно со условите утврдени со овој закон.

Конститутивната седница на Управниот одбор ќе ја свика и со неа ќе заседава најстариот назначен член на Управниот одбор и истата ќе се одржи во рок од 15 дена од назначувањето на членовите и нивните заменици на Управниот одбор согласно со овој закон.

Управниот одбор на конститутивната седница ќе ја донесе и одлуката за распишување на јавен оглас за директор и заменик на директор согласно со условите од овој закон.

Управниот одбор ќе ги назначи членовите и заменициte на членовите на Програмскиот совет на Академијата согласно со условите од овој закон најдоцна во рок од три месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 16

Се овластува Законодавно - правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за Академијата за судии и јавни обвинители.

Член 17

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.